**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ КУМАНОВО,**

**ОПШТИНА КУМАНОВО**

**за период од 2024 до 2028 година**



4.7.2024

**Преамбула**

Врз основна на Законот за основно образование Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20, член 49, 108, 113, 122, 129 како и Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 161/19 и 229/20 донесен на 29.5.2024 училштето ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово ја изготви следнава Развојна Програма за период 2024-2028.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово |
| Адреса | Ул „Народна Револуција“ бр.43 |
| Телефон, е-пошта | krstemisirkov@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2024 - 2028 |
| Број на ученици во училиштето | 1010 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Александра Стаменовска |
| Потпис | |
| Датум | 4.7.2024 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Владимир Павловски |
| Потпис | |
| Датум | 4.7.2024 |

**Содржина**


1. **Податоци за основното училиште**

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. **Податоци за основното училиште**

**1.1. Идентификациски податоци за основното училиште**

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Крсте Мисирков“ Куманово |
| Адреса | Ул „Народна Револуција“ бр.43 |
| Телефон | 031 424-231 |
| Место, општина | Куманово, Општина Куманово |
| Веб-страница | www.kmku.edu.mk |
| Е-пошта | krstemisirkov@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 18 Ноември |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4363 m2 |
| Училишен двор (m2) | 4000 m2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 1350 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 1010 |
| Број на паралелки | 45 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | 2s |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Нема |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | Работи во три разлини згради, а сите згради ги дели со училиштето ООУ „Браќа Миладиновци“ |

**1.2. Историјат на основното училиште**

Училиштето е основано со одлука на Собрание на општина Куманово број 06-30265/1 од 1948 година, со верификациски број 10-1928/3 од 05.06.1995 година, училиштето е со петтостепена развиеност и својата дејност ја остварува во три училишни згради и тоа:

- Централната училишна зграда се наоѓа во строгиот центар на градот и е изградена во период од 1928-1930 година и служела за повеќе намени, а во оваа зграда започнува со работа првото основно училиште на македонски јазик “Свети Климент Охридски” во јануари 1945 година. Подоцна во 1948 година е формирано ОУ”Крсте Мисирков” и започнува со работа во оваа зграда. Во оваа зграда работат четири од прво одделение, три паралелки од второ, одделенска настава и дваесет паралелки од предметна настава во една смена, а во друга смена работат исто толку паралелки од ООУ”Браќа Миладиновци”. Во централна зграда беше сместен продолжен престој за ученици кој функционираше како пилот проект.
- Втората училишна зграда е одалечена од централното училиште околу 600 метри и училиштето ја користи за настава од 1983 година, во неа учат ученици од одделенска настава од блискиот реон на училиштето, но и ученици кои се одалечени од училишната зграда и повеќе од 1500 метри. Овие ученици се распоредени во осум паралелки и една паралелка прво одделение и работат во една смена, а во друга смена работат исто толку паралелки од ООУ”Браќа Миладиновци”.
- Третата зграда е одалечена од централната околу 430 метри и е постара од неа и служела како училишен простор за повеќе училишта, а денес во неа работат осум паралелки од одделенска настава во една смена, а во друга смена работат осум паралелки со ученици со пречки во развој при ООУ”Браќа Миладиновци”.

Основна карактеристика на ООУ”Крсте Мисирков” е таа што во истиот просторот работа ООУ”Браќа Миладиновци” во различна смена, што претставува посебен проблем во организирање на настава и воннаставни активности во поглед на просторните услови. Училиштето има долга и богата традиција како едно од најстарите и најквалитетни училишта во општината, што имплицира висок рејтинг меѓу основните училишта кои гравитираат на ниво на општината и пошироко. Училиштето располага со квалитетен наставен кадар што овозможува брзо, лесно и квалитетно имплементирање на современите трендови во образованието, што резултира со континуирано високи резултати на државно ниво како и голем број на наградувани наставници и ученици.

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Професионално усовршување на наставниот кадар** | 1.1 Обука на наставници за работа сопомош на интернет платформи | √ | | | |
| | 1.2 Едукација на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби (ученици со попреченост, ученици со специфични тешкотии во учењето, ученици со емоционални проблеми); | √ | | | |
| | 1.3 Изработка на Индивидуални образовни планови за работа со деца со посебни образовни потреби (ИОП) | √ | | | |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Доекипирање на Професионален кадар – стручната служба** | 2.1 Повторно поднесување на Барање за вработување на дефектолог и социолог | √ | | | |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на инфраструктура во училиштето** | 3.1 Реконструкција на дел од оградата околу училиштето и организирање на паркинг просторот со театарот и детската градинка во соработка со основачот на училиштето поради подобра безбедност | | √ | | Согласно можностите на училиштетото од сопственито буџет, во неколку училишни сезони, е завршена оградата на северниот дел на училиштето. Со изградаба на отворено мулти спортско игралиште дел, од оградата кон исток или градинка е изградена, останува доизградба на ограда на јужната страна. |
| | 3.2 Реновирање на спортската сала | | | √ | Проект за реновирање на сала е изготвен од проектнатско биро и печат и предемер пресметка како инвестиција на учлилиштето со кој се аплицира за грантови и проекти за реновирање на училишната спортска сала. Салата беше на листа на МОН за реновирање, но се уште не е реализрано реновирањето. Во оваа учебна година со ист проект, а нова предмер пеесметка според актуелните цени на материјалот повторно е палицирано до Северо истрочен плански регион и училишната спортска сала и проектот е прифатен. Реализација на реновирањето според информациите од Северо истрочен плански регион е да започен во ноември 2024 или најдоцна февруари 2025 според рокот и временските рамки. |
| Стратешка цел 4 | Развојни цели | Целосно реализи рана | Делумно реализирана | Нереализи рана | Образложение |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на училишната клима** | 4.1 Усовршување на програмата за советување на ученици и родители | √ | | | |
| | 4.2 Усовршување на акционен план за работа на заедница на паралелка и Училишните заедница- развивање на свест за значење на знаењето за понатамошниот образование на учениците | √ | | | |

3. **Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа**)

**SWOT-анализа**

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| ❖ Најголем број наставни часови се организирани така што овозможуваат интеракција помеѓу учениците, наставниците и учениците, со активно вклучување на секој поединец;<br>❖ Учениците се чувствуваат слободно да прашаат ако нешто не знаат;<br>❖ Учениците го доживуваат училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење;<br>❖ На часовите се учи преку проекти, игри, истражување со активно вклучување на сите ученици;<br>❖ Успешна примена на современи наставни средства,форми и методи во наставата;<br>❖ Начинот на кој се учи во училиштето е интересен за учениците ;<br>❖ Поголем број од родители и најголем број од учениците сметаат дека оценувањето е транспарентно со почитување на критериум;<br>❖ Учениците се вклучуваат во оценувањето;<br>❖ Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;<br>❖ Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9;<br>❖ Вкученост на учениците во планирањето на воннаставните активности;<br>❖ Активности на УП за дефинирање на листа на понудени долгорочни воннаставни активности според интересите на учениците;<br>❖ Високи резултати на натпреварите на државно ниво;<br>❖ Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување<br>❖ Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и воннаставни активности (културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците. | ❖ Недоволна опременост на училиштето со технички средства според потребите на новата концепција, лап топ- компјутери ,смарт табли;<br>❖ Во училишната зграда каде што се распоредени паралелките од предметна настава освен кабинетот по информатика нема училница со смарт табла, па има реални потешкотии во користење на е материјали , подготвени од БРО, за шесто одделение според новата концепција;<br>❖ Има ученици со поголеми потешкотии во учењето за кои наставниците немаат доволно време за работа со ученикот на самиот час и има отежната соработка со родителот за превземање активности во интерес на ученикот;<br>❖ Има изработено училишна процедура за оптимална поддршка и постигања на ученици со потешкотии во учењето , но таа се уште не е дел од училишната политика;<br>❖ Наставниците се соочуваат со голем притисок од страна на родителите , при оценувањето на учениците на крајот на учебната година;<br>❖ Има ученици, иако помал дел, кои оценувањето не го доживуваат како правично;<br>❖ Училиштето нема изработено Кодекс за оценување;<br>❖ Иако се реализираат различни воннаставни активности повеќето се краткорочни , а само мал дел од учениците се вклучени во долгорочни активности, при што најголем дел од областа на спорт и спортски активности;<br>❖ Нецелосна имплементација на Концепција за воннаставни активности;<br>❖ На ниво на училиште нема процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности;<br>❖ Недостаток од сензорна соба, потребни алатки за мулти-сензорна стимулација на ученици со потешкотии во учењето; |

| | |
|---|---|
| ❖ Системски се следи, споредува и анализира состојба со успехот и постигањата на учениците.<br>❖ Училиштето располага со податоци за постигања на ученици од различен пол и етничка припадност.<br>❖ Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни ученички активности.<br>❖ Родителите навремено се известуваат за редовноста и постигањата на учениците.<br>❖ Средбите со родителите добро се организирани, а за постигања на учениците родителите добиваат евидетнтни листови, свидетелства и за истата постои уредна документација.<br>❖ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручни соработници, одделенски и предметни наставници и родители за постигање на учениците.<br>❖ Соработката со Центар за социјални грижи и училишен образовен медијатор е квалитетна  и е на високо ниво<br>❖ Училиштето редовно реализира советувања на родители за што води уредна документација.<br>❖ Со примена на ИКТ во наставата учениците имаат поголеми постигања.<br>❖ Постои почитување на наставниот кадар и педагошко-психолошката служба кон сите учесници во училиштето.<br>❖ Отвореност на училиштето за соработка со родителите, локалната заедница и медиумите.<br>❖ Училиштето има изготвено Кодекс на однесување за сите субјекти во училиштето и истиот е истакнат на видно место.<br>❖ Училиштето има донесено и постапува  по Правилник изрекување на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците.<br>❖ Постои добра соработка меѓу сите чинители во училиштето.<br>❖ Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите семејства и друг вид хуманитарни акции.<br>❖ Училиштето организира посети на учениците на локалните средни општински училишта за време на одржување на отворен ден на училиштата за идните средношколци со што училиштето им помага | ❖ Дел од учениците од ромска етничка припадност неоправ-дано отсуствуваат од редовната настава и го зголемуваат бројот на изостаноци на ниво на училиште;<br>❖ Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, но бидејки училиштето работи во повеќе објекти оваа соработка е отежната и недоволна;<br>❖ Во истите објекти работат две основни училишта;<br>❖ Родителите и учениците не се задоволни од хигиената во училиштето;<br>❖ Училиштето нема пропишани процедури за донесување училишни политики т.е. не постои утврдена рамка за донесување конкретни одлуки и креирање политика;<br>❖ Недоволна информираност на родители и наставници  за трошење на училишен буџет;<br>❖ Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија/ правилник за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |

| | |
|---|---|
| на учениците при изборот на нивното понатамошно образование.<br>❖ Училишниот одбор одржува редовни седници и донесува навремени одлуки по важни прашања,има утврден деловник за работа, редовно се водат записници и се информираат наставници и родители за одлуките кои се донесени.<br>❖ Постои партнерски однос во работата на УО и раководниот орган на училиштето.<br>❖ УО ги почитува и зема в предвид мислењата и ставовите на наставниците, родителите и локалната самоуправа преку нивни претставници.<br>❖ Раководниот орган ги согледува, координира и обединува потребите и мислењата на сите вклучени страни во работата на училиштето.<br>❖ Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| - Локација во централно градско подрачје нуди можности за активна соработка со локална заедница и бизнис секторот ;<br>- Образовна структура на родители овозможува да дадат придонес за подобрување на квалитет на наставата и вонннаставни активности;<br>- Долга и богата традиција на училиштето како едно од најстарите и најквалитетни училишта во општината, имплицира висок рејтинг меѓу основните училишта кои гравитираат на ниво на општината и пошироко и престиж кај родителите да ги запишат децата во училиштето;<br>- Квалитетен наставен кадар овозможува брзо, лесно и квалитетно имплемен-тирање на современите трендови во образованието, што резултира со континуирано високи резултати на државно ниво (голем број на наградувани наставници и ученици). | - Локацијата на училиштето во централното градско подрачје е закана за безбедност на учениците поради голема фреквентност во сообраќајот;<br>- Работа на две училишта во иста зграда резултира со недостаток на просторни услови/дисперзираност на паралелки во три згради.<br>- Пристисок од страна на родители и надворешни влијанија при формирање на паралелки и бирање на конкретни наставници при упис на првачиња, резултира со нееднаквост на паралелки во поглед на бројна состојба како и занемарување на мислење на стручна служба (родителите имаат опција да изберат училиште кое одговара на нивните барања); |

4. **Мисија и визија на основното училиште**

***Мисија*** **„**Да се создаде среќна, сигурна и стимулирачка средина за учење во која преку инклузија за сите членови на училишната заедница можат да растат во доверба и да го развијат својот целосен потенцијал.“

**Визијата** „Учиме и постигнуваме заедно – победуваме и славиме заедно“.

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| - Изработка на кодекс за оценување | - Има ученици, иако помал дел, кои оценувањето не го доживуваат како правично , училиштето нема изработено Кодекс за оценување и наставниците се соочуваат со голем притисок од страна на родителите , при оценувањето на учениците на крајот на учебната година ; |
| - Изработка на процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности со акцент на поголема вклученост на ученици во самиот процес | - Иако се реализираат различни воннаставни активности повеќето се краткорочни , а само мал дел од учениците се вклучени во долгорочни активности, при што најголем дел од обласа на спорт и спортски активности, Нецелосна имплементација на Концепција за воннаставни активности,а на ниво на училиште нема процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности; |
| - Да се превземат активности, постоечката процедура за оптимални постигања на ученици со потешкотии во учењето да стане дел од училишна политика. | - Има ученици со потешкотии во учењето за кои наставници-те немаат доволно време за работа со ученикот на самиот час и има отежната соработка со родителот за превземање активности во интерес на ученикот |

| | |
|---|---|
| - Набавка на смарт табли за училници во кои учат паралелки од 6 одд. за користење на расположливи е-материјали во склоп на новата концепција. | -Недоволна опременост на училиштето со технички средства според потребите на новата концепција, лап топ- компјутери ,смарт табли; Во училишната зграда каде што се распоредени паралелките од предметна настава освен кабинетот по информатика нема училница со смарт табла, па има реални потешкотии во користење на е материјали , подготвени од БРО, за шесто одделение според новата концепција;<br>- |
| - Опремување на сензорна соба и набавка на потребни алатки за мултисензорна стимулација на ученици со потешкотии во учењето | - Недостаток од сензорна соба, потребни алатки за мулти-сензорна стимулација на ученици со потешкотии во учењето |
| - Подобрување на соработка меѓу наставниците поради работа во три објекти.<br><br>-Подобрување на хигиената во училиштето | - Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените, но бидејки училиштето работи во повеќе објекти оваа соработка е отежната и недоволна и во истите објекти работат две основни училишта<br><br>- Родителите и учениците не се задоволни од хигиената во училиштето |
| - Подобрување на комуникација на ниво на претставници од Совет на родители и родители на ниво на паралелка<br><br>- Изготвување на правилник за оддавање признанија за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех дава допринос за афирмација на училиштето. | - Потребна е поголема транспарентност и информираност за училишни политики и распределба на училишен буџет(ќе се отвори можност за дополнителни донации,спонзорства или друг вид партиципирање на родители во проекти за унапредување на наставата).<br><br>- Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија/ правилник за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех даваат допринос за афирмација на училиштето. |

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

**Од приоритети кон стратешки цели**

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| a. Изработка на кодекс за оценување<br>b. Изработка на процедура за планирање и реализирање на воннаставни активности со акцент на поголема вклученост на ученици во самиот процес<br>c. Набавка на смарт табли за училници во кои учат паралелки од 6 одд. за користење на расположливи е-материјали во склоп на новата концепција.<br>d. Подобрување на соработка меѓу наставниците поради работа во три објекти<br>e. Подобрување на комуникација на ниво на претставници од Совет на родители и родители на ниво на паралелка<br>f. Изготвување на правилник за оддавање признанија за кадарот кој внесува ефективни иновации во работата или со својот успех дава допринос за афирмација на училиштето | Унапредување на квалитет на настава и подобрување на добросостојба на учениците и наставниците, земајќи ги в предвид нивните различни потреби. |
| i. Да се превземат активности, постоечката процедура за оптимални постигања на ученици со потешкотии во учењето да стане дел од училишна политика.<br>ii. Опремување на сензорна соба и набавка на потребни алатки за мултисензорна стимулација на ученици со потешкотии во учењето | Подобрување на инклузивноста во училиштето. |
| 1.Подобрување на хигиена во училиштето | Подобрување на безбедност на учениците |

**Од стратешки цели кон развојни цели**

| | |
|---|---|
| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
| **Унапредување на квалитет на настава и подобрување на добросостојба на учениците и наставниците, земајќи ги в предвид нивните различни потреби.** | 1.1 Унапредување на компетенции на наставен кадар за тимска работа |
| | 1.2 Изработка на кодекс за оценување со вклучување на ученици во самиот процес на изработка. |
| | 1.3 Имплементација на концепција за воннаставни активности |
| | 1.4 Подобрување на материјално-технички услови за настава |
| | 1.5Подобрување на соработка меѓу наставници, родители и локална заедница |
| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
| **Подобрување на инклузивност во училиштето** | 2.1 Имплементирање на постоечка процедура за оптимални постигања кај ученици со потешкотии во учење |
| | 2.2 Опремување на сензорна соба |
| | 2.3 Унапредување на компетенции на наставници за работа со деца со ПОП |
| Стратешка цел 3 | Развојни цели |
| **Подобрување на безбедност на учениците** | 3.1.Подобрување на хигиена во училиштето |
| | 3.2.Реконструкција на јужниот дел од оградата околу училиштето –нереализиран приоритет од претходно развојно планирање. |

7. **Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето**

| **Стратешка цел 1**. **Унапредување на квалитет на настава и подобрување на добросостојба на учениците и наставниците, земајќи ги в предвид нивните различни потреби.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Унапредување на компетенции на наставен кадар за тимска работа | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Обука за професионална соработка на наставници/„Професионална соработка на наставниците(стручни активи, заедница за учење, менторство и сл.)“<br><br>- Спроведување на анкета за идентификување на наставници кои ќе следат обука за професионална соработка,согласно ЛППР<br>- Реализација на обука<br>- Дисеминација од обука | -Обучени 10 наставници<br>- Спроведена дисеминација од обука на сите наставници;<br>- Најмалку 1 одржан состанок месечно меѓу претседатели на стручни активи и стручна служба/ Тим за професионален развој, за заедничко дејствување на ниво на училиште;<br>-Подобрена тимска соработка утврдена преку споредба на резултати од анкета пред и после обука | БРО,МОН, Акредитирани обучувачи, обучени наставници и стручна служба | Учебна 2024/2025 | Материјали од обучувачи и презентации за дисеминација | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за професионален развој; | - Сертификати од обука;<br>- Извештаи од реализирани состаноци за тимска соработка<br>-Анкета пред и после обука |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| - Имплементација на стекнати знаења<br>- Евалуација на придобивките од реализирани активности преку анкета | | | | | | |
| **Развојна цел 1.2** Изработка на кодекс за оценување со вклучување на ученици во самиот процес на изработка. | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| - формирање на тим од наставници, ученици, родители и стручна служба за изработка на кодекс за оценување<br>-изработка на Кодекс за оценување;<br>- Спроведување на процедура по која Кодексот ќе стане дел од училишна политика<br>- Имплементација на Кодекс за оценување<br>Евалуација и планирање на идни активности | - формиран од тим<br>- изработен Кодекс за оценување;<br>- реализирани процедури<br>- имплементиран кодекс за оценување<br>-Зголемен број на ученици кои оценувањето го чувствуват како праведно (над 80%) | Тим од 3 наставника, еден претставник од стручна служба, еден ученик и еден родител, | 2024-2026 | - Закон за основно образование и правилници за оценување,<br>- Анкета за наставници, родители и ученици | Директор, стручна служба, наставник ментор, претставник од совет на родители | - Изработен кодекс,<br>- Записници од состаноци<br>- Анкета од наставници, родители и ученици за ефекти/задоволство од имплементирање на Кодексот |

| **Развојна цел 1.3** Имплементација на концепција за воннаставни активности | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Формирање на тим од наставници и ученици кои врз основа на Концепција за воннаставни активности ќе дефинираат училишна процедура за планирање, организирање и реализирање на воннаставни активности<br><br>-Реализација на сите потребени чекори со што процедрата за воннаставни активности ќе биде дел од училишна политика<br><br>-Имплементација на процедурата | -формиран тим од наставници и ученици<br><br>-изработена процедура<br><br>-презентирана и усвоена процедура пред Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор<br><br>-превземени активности за имлементирање на самата процедурата<br>-Зголемен број на реализирани долгорочни | Наставник ментор<br>Предметен наставник<br>Одделенски наставник<br>Член од стручна служба<br>ученици | 2024-2026 | Концепција за воннаставни активности<br><br>Закон за основно образование<br>Апликација Google Forms | Директор<br>Член од стручна служба<br>Предметен наставник<br>Одделенски наставник | -Решение од формиран тим<br><br>Изработена процедура во писмена форма<br><br>-Одлуки од Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор<br><br>-анкети за ученици спроведени од УП<br>-листа од понудени воннаставни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Евалуација и планирање на идни активности | воннаставни активности и зглоемен број на ученици, споредено претходни учебни години.<br><br>-Сумирани резултати од спроведени анкети за родители , ученици и наставници и испланирани идни чекори за подобрување | | | | | активности од училиштето<br>-Презентација за информирање и мотивирање на учениците<br>-изјави од родители за одберена активност<br>-образец 15<br>-анкети за ученици, родители и наставници |
| **Развојна цел 1.4** Подобрување на материјално-технички услови за настава | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти /извори на информации за следење на индикаторите |
| -Утврдување на фактикчка состојба на материјално технички услови за настава<br>Согледување на реална потреба од набавка на смарт | Утврдени приоритети за набавка на материјално - технички средства<br>од изработени листи за фактичка состојба и спроведени анкети | Помошник директор наставници | 2024-2028 | Финансиски средства за набавка на смарт таблите | Директор<br>Стручна служба | Листа на утврдени приоритети<br>Спроведени анкети<br><br>Документи за аплицирање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| табли во училиштето преку анкети за ученици и наставници<br>-Изработка на листа за набавка<br>-Превземање на активности за набавка(аплицирање за гранд и вклучување во проекти,...)<br>-Инсталирање на смарт табли и имплементација во наставата<br>-Организирање на отворени наставни часови со користење на таблата по сите наставни предмети<br>-Евалуација на постигнати ефекти од имплементирањето на таблите во настават преку анкети за ученици и наставници<br>-Дефинирање на чекори за подобрување според утврдени резултати од анкети | Изработена листа за набавка<br>Поднесени апликации за проекти<br>Инсталирани смарт табли<br>Реализирани 20% од наставни часови со користење на смарт табла<br>Сумарани резултати од анкети и дефинирани идни активности за подобрување | | | | | Сценарија за час<br>Листи за евалуација на час од страна на педагошко психолошка служба<br>Листи од одржани отворени часови<br>Анкети за наставници и ученици за<br>Писмено дефинирани идни чекори за подобрувањ е |

| Развојна цел 1.5 Подобрување на соработка меѓу наставници, родители и локална заедница | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти /извори на информации за следење на индикаторит е |
| Формирање на тим за соработка со локална заедница<br>Изработка на процедура со интензивирање на соработка со локална зедница и бизнис сектор преку следење на отворени повици и можности за аплицирање и учество во проекти.<br>Активности за процедурата да стане дел од училишна политика согласно законска регулатива<br>Имплементирање на процедурата<br>Евалуација од | Формиран тим за соработка со локална заедница<br>Изработена процедура<br>Зголемен број Реализирани активност најмалку за 10%: средби, едукативни работилници,примени донации, акции иницирани од родителите,<br>Дефинирани позитивни ефекти и идни чекори за подобрување | Директор Училишен одбор | 2024-2028 | Закон за основно образование<br>Закон за локална самоуправа | Членови од Совет на родители<br>Наставнички совет | Решение за формиран тим<br>Записници од состаноци И самата процедура<br>Записници од состаноци на Наставнички совет, Совет на родители , Училишен одбор и донесени одлук<br>Записници од реализирани активност, фотографии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| постигнати ефекти<br><br><br>Дфинирање на мерки за подобрување | | | | | | Ревидирана процедура |

| **Стратешка цел 2**. **Подобрување на инклузивност во училиштето** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1** Имплементирање на постоечка процедура за оптимални постигања кај ученици со потешкотии во учење | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| -Презентирање на процедурата од страна на наставник ментор пред УИТ и нејзина корекција по потреба<br>-Инволвирање на процедура во годишна програма<br>-Имплементирање на процедурата во наставата<br>-Евалуација на постигнати ефекти | Подобрен успех на ученици со потешкотии во учење за едно ниво повисоко во однос на претходен период<br>Зголемена соработка со родители и релевантни институции<br>Идентификувани ученици со ПОП | Наставник ментор<br>УИТ<br>Стручна служба | 2024-2028 | Водич за работа на УИТ<br>Закон за основно образование<br>Прирачник за наставници и училишни инклузивни тимови | Директор | Изработена процедура<br><br>Портфолио за ученик<br>Записници од состаноци на УИТ<br>Записници од состаноци со родители<br>По потреба изработен ИОП и обезбедени образовни асистенти |
| **Развојна цел 2.2** Опремување на сензорна соба | | | | | | |

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на листа од мултисензорни реквизити според потребата на нашите ученици со ПОП<br><br>-Превземање на активности за набавка(аплицирање за гранд и вклучување во проекти,...)<br><br>Имплентација во наставата<br><br>Евалуација преку ревидирање на ИОП | Изработени листи од потребни мултисензорни реквизити<br><br>Подготвени барања до релевантни институции и тела според законската регулатива<br><br>Број на реализарани активности<br><br>Утврдени видливи резултати од реализирани активности | Спец.едук.рех.<br>Образовни асистенти<br>ИТУ | 2024-2028 | - Финансиски средства за набавка на мултисензорни реквизити | УИТ | - Проценка од МКФ, ИОП<br><br>Писмени барањаи подготвени апликации<br><br>Листа за индивидуална работа со ученици од страна на спец.едук.рех.<br><br>Ревидиран ИОП |
| **Развојна цел2.3** Унапредување на компетенции на наставници за работа со деца со ПОП | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Обука за унапредување на компетенции на | -Обучени наставници, членови на УИТ | БРО,МОН, Акредитирани обучувачи, | Учебна 2024/2025 | Материјали од обучувачи и | Директор<br>Стручна служба | - Сертификати од обука; |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| наставници за работа со деца со ПОП/ „ Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост“- за наставници и „ Инклузивно образование во пракса“-за стручни соработници<br><br>- Спроведување на анкета за идентификување на наставници кои ќе следат обука за професионална соработка,согласно ЛППР<br>- Реализација на обука<br>- Дисеминација од обука<br>- Имплементација на стекнати знаења<br>- Евалуација на придобивките од реализирани активности | -Утврдена листа на наставници кои ќе ја посетуваат обуката<br>- Спроведена дисеминација од обука на наставниците и стручна служба за сите наставници;<br>-Подобрени резултати од учење на ученици со ПОП најмалку за едно ниво повисоко во однос на претходен период | обучени наставници и стручна служба | | презентации за дисеминација | Тим за професионален развој; | -Потврди за наставници од посетена дисеминација<br><br>-дневни подкотовки на наставници/сценира за час<br><br>Евалуациони листи за следење на ученици со ПОП<br><br>Ревидиран ИОП |

| **Стратешка цел 3**. **Подобрување на безбедност на учениците** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1** Подобрување на хигиена во училиштето | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активности | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |
| Организирање на работилници со ученици за подигање на свест за одржување на хигиената во училиштето и училишниот двор<br><br>Формирање на тим од наставници и ученици за следење на хигиена во училиште и превземање на конкретни активности за подобрување на состојба | Организирани 3 работилници<br><br>Намалена количина на отпадок во училници за 50% по завршување на настава | Сите одделенски раководители<br>по еден ученик од секоја паралелка<br>Помошник директор | 2024-2028 | Едукативни работилници | Директор<br>Домаќин на училиште | Чек листа составена и пополнета од членови на тимот за утврдување на состојба пред и по реализирани активности<br><br>Записници од реализирани активности |
| **Развојна цел 3.2 Реконструкција на јужниот дел од оградата околу училиштето** | | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тимот што веќе работи на проектот да спроведе набавка на потребен материјал според предвидени чекори во самиот проект<br>Изработка на оградата | Должина на поставена ограда | Директор | 2024-2028 | - Доброволци од сите вработени во училиштето | УО | - Изработена ограда |

8. **Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште**

Александра Стаменовска- Директор
Фросина Младеновиќ-наставник ментор
Сандра Анѓеловска- стручен соработник специјален едукатор и рехабилитатор
Југослав Спасиќ- предметен наставник во тандем настава
Биљана Петрушевска- предметен наставник
Фросина Стојмановски –родител
Јована Станковска- ученик, Ученички правобранител

Директор:

Датум:

30.6.2024, Куманово　　　　м.п　　　　Александра Стаменовска

______________________________

Претседател на Училишен одбор:

Владимир Павловски

______________________________